Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-514/5
Датум: 07-08-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-514/1 од 1.6.2026 година поднесена од ---- против ---- за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, религија или верско уверување при определување на неработни денови во РСМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на национална или етничка припадност, религија или верско уверување при определување на неработни денови во Програмата на неработни денови, односно Законот за празниците.

## О б р а з л о ж е н и е

На 1.6.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот ---- против ----.

Со претставката подносителот адресира индиректна дискриминација, која според него ја произведува Програмата за неработни денови во државата. Имено, тој смета дека системот на определување на неработни денови согласно Законот за празниците и Програмата за неработни денови за 2026 годин создава нееднаков третман кон граѓаните по основ на верска и етничка припадност. Според подносителот, од анализата на Програмата за неработни денови за 2026 година произлегува дека различни категории граѓани располагаат со различен број дополнителни неработни денови, покрај државните празници. За споредба, тој појаснува дека граѓаните од православна вероисповед располагаат со 5 дополнителни неработни денови годишно, граѓаните од исламска вероисповед располагаат со 2 дополнителни неработни денови годишно, граѓаните припадници на српската заедница од православна вероисповед располагаат со 6 дополнителни неработни денови годишно, граѓаните припадници на албанската заедница од исламска вероисповед располгаат со 3 дополните неработни денови годишно. Оттука, подносителот заклучува дека православен граѓанин има 3 дополнителни неработни денови повеќе од граѓанин од исламска вероисповед, додека православните Срби имаат дури 4 дополнителни неработни денови повеќе, на годишно ниво. Според подносителот вака утврдените неработни денови создаваат значителна разлика во можноста за користење на законски признати денови за празнување и отсуство од работа по верска и етничка основа. Иако прописите формално се применуваат на различни категории граѓани, нивниот практичен ефект резултира со нееднаков број признати неработни денови. Подносителот наведува дека

со тоа се отвара прашање за евентуално непочитување на уставното начело на еднаквост на граѓаните без оглед на нивната верска и етничка припадност. Оттука, подносителот реферира на повреда на членот 9 од Уставот на РСМ, поради што бара испитување на евентуална директна или индиректна дискриминација во определувањето на неработни денови од страна на државата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по претставката до ----.

---- со поднесок ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека по претставката ќе се произнесе надлежното министерство.

---- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави поднесок за произнесување по претставката. Со истиот појаснија дека со Законот за празниците се утврдуваат државните и другите празници, како и неработните денови за празнувањето. Со поднесокот се појаснува дека целта на Законот за празниците е да овозможи негување на верските и националните чувства на сите граѓани на Република Северна Македонија, како и да го унапреди мултиетничкиот карактер на државата. Правото на неработни денови за одредени празници, утврдени со член 4 од законот, е единствено инструмент за почитување на верската и етничката разноличност. Ова право на сите граѓани им обезбедува можност да ги практикуваат своите верски и национални традиции и според надлежното министерство, е во согласност со уставниот принцип на еднаквост.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по разгледување на содржината на претставката, поднесокот за произнесување по претставката, Законот за празниците и Програмата за неработни денови за 2026 година, а во конктекст на Законот за спречување и заштита од дискриминација заклучи:

Во конкретниот случај не може да стане збор за **индиректна дискриминација**, имајќи предвид дека не се исполнети суштинските елементи предвидени со член 8, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Индиректната дискриминација постои кога навидум неутрална одредба, критериум или практика би ставила лица кои имаат определена заштитена карактеристика во особено понеповолна положба во однос на други лица, **освен ако таквата мерка е објективно оправдана со легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.** Во конкретниот случај, Законот за празниците и Програмата за неработни денови не претставуваат навидум неутрална мерка која во практиката произведува несразмерно негативни последици за одредена група граѓани. Напротив, самите законски одредби експлицитно предвидуваат различни неработни денови за различни верски и етнички заедници, **токму заради овозможување на припадниците на секоја заедница да ги одбележуваат своите верски и национални празници.** Следствено, различниот број

на неработни денови не произлегува од неутрално правило кое индиректно создава неповолност, туку од законско уредување **чија цел е да ги препознае и уважи различните верски и културни традиции.** Понатаму, подносителот своето тврдење за нееднаков третман го темели исклучиво на квантитативна споредба на бројот на неработни денови меѓу различни верски и етнички заедници. Меѓутоа, ваквата споредба сама по себе не е доволна за да се утврди постоење на индиректна дискриминација. За да постои индиректна дискриминација, неопходно е да се покаже дека определена навидум неутрална мерка резултира со особено неповолна положба на одредена група во остварувањето на некое право. Во конкретниот случај, не се докажува дека припадниците на исламската вероисповед, или на друга заедница, поради бројот на неработните денови трпат конкретна правна или фактичка неповолност во однос на другите граѓани, а во насока на практикување на религијата или негување на националниот или етнички идентитет. Дополнително, различниот број на неработни денови е директно поврзан со бројот и природата на празниците кои законодавецот ги признал како празници од особено значење за поединечните верски и етнички заедници. **Истото не претставува ограничување на правото на една група во корист на друга, туку законско уредување кое има за цел да обезбеди можност секоја заедница да ги празнува празниците што се значајни за нејзиниот верски и културен идентитет. Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквото законско решение е објективно оправдано, со легитимна цел – почитување на верската и етничката разновидност, зачувување на мултиетничкиот карактер на државата и обезбедување услови за практикување на верските и културните традиции на различните заедници. Средството за постигнување на целта, избрано од законодавецот – определување на неработни денови за празниците што се значајни за секоја заедница е однапред дефинирано, соодветно и разумно поврзано со оваа цел.**

Оттука, Комисијата смета дека во конкретниот случај не се исполнети законските претпоставки за постоење на индиректна дискриминација, бидејќи оспореното законско решение не претставува навидум неутрална мерка што создава особено неповолна положба за определена група, туку претставува нормативно уредување насочено кон обезбедување еднакви можности за сите верски и етнички заедници да ги практикуваат своите празници во согласност со нивниот идентитет.

Врз основа на образложеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател
Зекир Абдулов

Доставено до:

- ----
- ----
- ----